Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, Елита Шуки– заменик претседател, Сузана Раваноска – член, Томо Томовски - член и м-р Мишо Василевски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „ГОЛД ГРУП“ ДООЕЛ – Скопје, наш број 08-92/1 од 02.02.2018 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понудаод 30.01.2018 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.16/2017 за набавка на стоки - пијалоци на договорниот орган – ЈУ Младински културен центар – Скопје, врз основа на член 220 став (1) алинеја 2 и став (3) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016 и бр.165/2017), на 7-та Седница одржана на ден 07.02.2018 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот „ГОЛД ГРУП“ ДООЕЛ – Скопје, наш број 08-92/1 од 02.02.2018 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понудаод 30.01.2018 година донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.16/2017 за набавка на стоки - пијалоци на договорниот орган – ЈУ Младински културен центар – Скопје.

**2. СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по предметот бр.08-92/1.

**3. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр.08-92/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот „ГОЛД ГРУП“ ДООЕЛ – Скопје, констатира дека со допис бр.04 од 06.02.2018 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 220 став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки во постапката за правна заштита, Државната комисија може да ја прекине постапката заради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од причина што и немаше потреба да постапува по соодветниот предмет.

**<u>Упатство за правно средство</u>**: Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.08-92/5
07.02.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива;
- „ГОЛД ГРУП" ДООЕЛ – Скопје, ул. Роза Луксембург бр.5/1, Скопје
- ЈУ Младински културен центар – Скопје, Кеј Димитар Влахов бб, Скопје